Врз основа на записникот од Сто и шеесет и седмата седница на владата на Република Северна Македонија одржана на 28 април 2026 година заверен со архивски број 57-4038/1 од 28.04.2026 година, Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија објавува

# ЈАВЕН ПОВИК БР. 01-35С/2026
# ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОНЗОРИРАНИТЕ НАСТАНИ ПО ПОВОД ПРОСЛАВАТА НА 35 ГОДИНИ ОД САМОСТОЈНОСТА И НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. <u>ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК</u>

Се објаува јавен повик за прибирање на понуди за доделување на договор за реализација на спонзорираните настани по повод прославата од 35 години од самостојноста и независноста на Република Северна Македонија а кои се однесуваат на следните активности:

- ангажирање на А класа светски артист со А класа продукција, настан на отворено кој со своето име и квалитет на изведување гарантира посета од минимум 30.000 посетители;
- организирање на настан на интернационална светска звезда од А класа, во придружба на плејада на македонски артисти; и
- организирање на минимум 12 настани на територија на Република Северна Македонија во форма на театарско и визуелен перформанс со концепт 35 години независна Македонија.

## II. <u>ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК</u>

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице – понудувач, кое е регистрирано во надлежен регистар за вршење на дејност.

Во понудата на понудувачот треба да бидат содржани целокупните податоци и информации кои се однесуваат на рамковно утврдениот план за организирање на следните активности:

- ангажирање на А класа светски артист со А класа продукција, настан на отворено кој со своето име и квалитет на изведување гарантира посета од минимум 30.000 посетители;
- организирање на настан на интернационална светска звезда од А класа, во придружба на плејада на македонски артисти; и
- организирање на минимум 12 настани на територија на Република Северна Македонија во форма на театарско и визуелен перформанс со концепт 35 години независна Македонија.

Понудувачот треба да располага со соодветен, организациски, технички, продукциски, кадровски и финансиски капацитет за навремена и квалитетна реализација на целокупните настани.

Понудувачот во рамките на иста постапка може да учествува само во една понуда.

Сите понуди ќе бидат отфрлени доколку понудувачот не ги исполни условите за учество во јавниот повик.

Со понудата понудувачот задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ја докаже својата лична состојба која се однесува на:

- Извод од надлежен регистар (тековна состојба);
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација од надлежен орган;
- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган;

Бараната документација се поднесува во оригинал или во копија заверена од понудувачот со печат и со потпис на одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“.
Покрај докажувањето на личната состојба понудувачот треба да исполнува и посебни услови кои се однесуваат на:
- организација и реализација на јавни настани, концерти, фестивали, културни, сценски, музички или продукциски проекти од национално или меѓународно значење;
- да има реализирано најмалку еден настан со значителен капацитет на посетеност;
- да располага или да има обезбедено пристап до професионален продукциски, технички, сценски, аудио-визуелен, светлосен и логистички капацитет;
- да обезбеди професионален тим за управување, координација, продукција, промоција, техничка реализација и безбедносно-логистичка поддршка на настаните; и
- како и да има способност за реализација на настаните во предвидените временски рамки и согласно насоките на надлежните органи;
- да достави концепт програма за реализација на настаните со идејна програмска и организациска поставеност.
За докажување на посебните услови понудувачот треба да достави изјави заверени на нотар дека ги исполнува горенаведените услови.

**III. <u>ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР</u>**

Постапката по јавниот повик ќе ја спроведе Комисијата формирана од Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, составена од составена од надворешни стручни лица.
По завршување на евалуацијата, Комисијата изготвува извештај со предлог за избор на најповолен понудувач, кој се доставува на натамошно постапување согласно заклучоците на Владата на Република Северна Македонија, внатрешните акти и надлежностите на органите на Државна лотарија на Република Северна Македонија.
Изборот на најповолната понуда ќе се врши врз основа на квалитетот, издржаноста и иновативноста на предложената концепт-програма, продукциската вредност и очекуваниот јавен интерес за предложениот светски артист од А класа; уметничката, културната и јавната вредност на предложените настани; капацитетот на понудувачот за организација и реализација на настани од голем обем; техничката, продукциската и логистичката подготвеност; вклученоста и афирмацијата на македонски артисти и домашното културно творештво; реалистичноста и изводливоста на временската рамка; финансиската оправданост и транспарентност на понудата; усогласеноста со целите и начелата на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности; јасно образложениот јавен интерес; предложениот модел за видливост на спонзорот; како и механизмот за отчетност и доставување извештаи за реализацијата на спонзорството.

**IV. <u>НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ И ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА</u>**

Понудите се доставуваат во затворен плик, со назнака: „Не отворај – Понуда по Јавен повик за избор на правно лице – реализатор на спонзорирани настани од јавен интерес по повод 35 години самостојност и независност на Република Северна Македонија“.
Понудите заедно со целокупната пропратна документација се поднесуваат на следнава адреса:
Акционерско друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија,
Бул. Гоце Делчев, бр.8, 1000, Скопје
лично во писарницата,
со ознака **ЈАВЕН ПОВИК БР. 01-35С/2026**

Крајниот рок за доставување на понудите е 08.05.2026 година до 12:00 часот.

Понудите доставени по истекот на рокот, како и нецелосните понуди, нема да бидат предмет на разгледување, освен доколку Комисијата оцени дека недостатокот е од формална природа и може да биде отстранет без да се наруши еднаквиот третман на понудувачите.
Избраниот понудувач ќе биде должен да ја реализира програмата во согласност со доставената и прифатена понуда.
Државна лотарија на Република Северна Македонија го задржува правото да не избере понудувач, доколку оцени дека ниту една од доставените понуди не ги исполнува условите, целите, стандардите или јавниот интерес поврзан со предметот на овој јавен повик. Објавувањето на јавниот повик не создава обврска за избор на понудувач, ниту обврска за склучување договор, доколку за тоа не бидат исполнети правните, финансиските, организациските и програмските претпоставки.

Овој јавен повик се објавува заради обезбедување транспарентна, конкурентна и правно заснована постапка за избор на правно лице кое ќе ја реализира програмата на спонзорирани настани од јавен интерес по повод одбележувањето на 35 години од самостојноста и независноста на Република Северна Македонија, како јубилеј од посебно државно, историско, културно и општествено значење.

Овој јавен повик се објавува на веб страната на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија www.loto.mk и во дневниот весник “Нова Македонија“.